**Не го прави тоа што несакаш тебе да ти го направат!**
Петок, 29 Ноември 2024 23:15




**Унија на Ветерани на ВМРО-ДПМНЕ Остро го осудува вандалското однесување на мала група хулигани кога се славеше Денот на албанското знаме и антимакедонското однесување на овие нeранимајковци кои пукале со огнено оружје и го сквернавеле државното Македонско знаме.**

**Непочитување на македонското знаме не е патриотизам, патриотизам значи почитување на државното знаме, знамето на државата Македонија кое треба сите нас да не обединува, македонци, албанци, турци, срби, власи, роми, евреи и сите останати.**

**Синоќешните настани кои предизвикуваат омраза и нетрпеливост врз национална, верска и друга основа, потикнати од криминални структури кои со години ги крадеа сите без разлика на вера и нација а со цел да се сокриат од правдата, можат да доведат до дестабилизацијата на земјата.**

**За да не се случи посакуваното од овие структури кои постојано се заканувaат со**

**дестабилизација на земјата, ги повикуваме безбедносните структури остро да реагираат на ваквото нарушавање на редот и законите.**

**Унија на Ветерани Апелира до сите кои ги подбуцнуваат младите, размислете добро пред да ги провоцирате македонците и ги скрнавите македонските симболи, правдата можеби е спора, но ред во оваа држава мора да има и ќе има!!!**

**Унија на Ветерани на ВМРО-ДПМНЕ ги повикува сите сограѓани да се однесуваат со воздржаност и почит кон Македонските национални симболи и кон чуствата на македонците и сите други кои живеат во оваа заедничка Библијска држава-Македонија.**

**Ги прашуваме овие малкумина неранимајковци, како би реагирале ако нивните сограѓани Македонци истото го направат со албанското знаме? Тоа ќе биде за нив чин на непочитување кон Албанците и антиалбански чин?**

**Има една народна изрека: Не го прави тоа што несакаш тебе да ти го направат.**